АСК
АСОЦИЈАЦИЈА НА СОВЕТНИЦИ
ЗА РАЗВОЈ НА КАРИЕРА

До: Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија

Одделение за соработка со невладини организации

Бул. Илинден бр. 2,

1000 Скопје

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 22-09-2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 43 | 6052 | 1 | |

Од: Асоцијација на советници за развој на кариера

Адреса: Васил Ѓоргов бр. 11, Скопје

Автори:

1. Жаклина Гештаковска Алексовска
2. Марија Коваческа

Предмет: **Предлог – отворање на општински кариерни центри во Република Македонија**

Почитувани,

Кариерното советување преку **општински кариерни центри** ќе одговори на невработеноста како еден од горливите проблеми, а во насока на креирање на компетентна работна сила во Република Македонија. Преку кариерното советување обезбедено во општински кариерни центри долгорочно ќе се работи на вработување на невработените, нивна подобра вработливост и конкурентност на пазарот на трудот како и правилен развој на нивната кариера. Центрите за кариера во општините, како надополнување на центрите за кариера во училиштата ќе претставуваат вистински ресурс за градење на професионалната кариера на сите во општината, невработените, учениците, студентите и маргинализираните групи. Тие ќе нудат информации и услуги поврзани со продолжувањето на образованието како и информации и услуги поврзани со вработувањето и самовработувањето. Услугите и информациите треба да бидат достапни на секој граѓанин, но едновремено ќе соработуваат со центрите за вработување на АВРМ и со деловниот сектор во општината.

Стапката на невработеност е важен показател на перформансите на еден економски систем, но едновремено укажува на способноста на економијата да обезбеди можности за вработување на работната сила во таа економија. Високиот степен на невработеност покажува дека има ограничени можности за вработување, и дека голем дел од работната сила не е вработена. Економскиот развој на една држава се темели на квалификувана работна сила која се развива во рамките на образовниот систем. За жал, структурираноста на образовниот процес досега, скоро и да не овозможуваше градење на конкретни вештини за вработување соодветни на побарувачката на пазарот на трудот. Во услови на економска состојба со бројни

предизвици, исклучително голема конкуренција на пазарот на трудот и некоординираност помеѓу понудата и побарувачката на работна сила, бара вклучување на иновативни процеси кои ќе одговорат на потребите. Развиените земји решението го препознаа во воведувањето на кариерното советување преку кариерни центри и стручната поддршка од страна на кариерните советници,

**Кариерното советување** е процесот на достигнување на максимална компатибилност помеѓу ресурсите, барањата, аспирациите или интересите на еден поединец и реалната понуда во полето на образованието, обуката и социјалната и стручна интеграција.

Доколку сакаме да целиме кон вистинските луѓе да бидат на вистинските работни места каде што ќе можат максимално да придонесат кон развојот на економијата, потребна е стручна поддршка на кариерни советници преку општински кариерни центри. Исто така е потребен организиран пристап кон улогата, задачите и работната позиција на кариерниот советник. Сложеноста на процесот и одговорноста која тој ја носи со себе, бара институционализирање на кариерното советување најпрво како дел од образовниот систем, а едновремено и како услуга која ќе им биде достапна на сите граѓани.

За да се овозможи, неопходно е да се превеземат следните чекори:

1. Поддршка на процесот преку отворање и екипирање на општински кариерни центри.
2. Професионализација и институционализација на работното место кариерен советник во општинските кариерни центри, како обврзно во секоја општина.
3. Потребно е да се овозможи активно функционирање на кариерните центри со оптимални услови за работа, опрема, литература и простории за советување и обука.
4. Центрите за кариера мора да имаат соодветно обучени кадри кои ќе бидат способни прецизно да ги проценуваат способностите на секој ученик и да го водат низ процесот на кариерно советување за избор и планирање на кариерна патека. Затоа изборот на кариерен советник треба да се прави врз основа на строго утврдени критериуми.
5. Кариерните советници треба да се обучат и сертифицираат низ однапред утврдена програма за обука, која веќе постои и е изготвена од Асоцијацијата на советници за развој на кариера, а поддржана од УСАИД проектот ЈЕС мрежа.

Образложение

Асоцијацијата на советници за развој на кариера - АСК од 2010 година работи на подигање на свеста за придобивките од кариерното советување кај ученици, наставници, родители, невработени и лица кои се во кариерна транзиција, преку индивидуално и групно советување, сертификација и поддршка на професионалци кои го практикуваат кариерното советување, преку спроведување истражувања и анализи, изработка на стандарди, обезбедување обуки и лобирање кај клучните чинители. Визијата на АСК е професионално кариерно советување за развој на поединците и успех на организациите

Досега беа поддржани Кариерни центри во рамки на средните училишта и еден кариерен центар во Општина Гази Баба, како резултат на соработката на АСК и општината.

Министерството за образование и наука во соработка со Центарот за развој на образованието ЕДЦ од САД, подружница Скопје, кои го реализираа Проектот (Мрежа ЈЕС), финансиран од

АСК
АСОЦИЈАЦИЈА НА СОВЕТНИЦИ
ЗА РАЗВОЈ НА КАРИЕРА

Американската Агенција (УСАИД), отвори и опреми кариерни центри за кариерно советување на учениците во јавните средните стручни училишта во повеќе општини во Република Македонија. Програмите за кариерно советување на средношколците во кариерните центри ја реализираат кариерни советници, т.е. над 180 наставници и стручни соработници (психолози/педагози) кои беа обучени од АСК.

1. Беа отворени **53 кариерни центри во 53 средни стручни училишта**, вклучително и училиштата за деца со посебни потреби.
2. Беа изработени **стандарди за советници за кариера базирани на компетенции** и според нив и програма на обука на советници за кариера.
3. Беа **обучени 180 наставници и стручни соработници** (психолози/педагози) за реализирање на активности поврзани со кариерното советување .

Корисноста од постоењето на Кариерни центри и активностите на кариерното советување во средните училишта во нашата држава е оценета како многу значајна од страна на сите инволвирани во образовниот процес. Но, заеднички е и заклучокот дека кариерното советување и кариерните советници, сеуште ја немаат позицијата и улогата која може да даде значително видливи резултати.

Кога сме свесни за придобивките од кариерното советување на учениците, за општеството и за државата во целост, секако треба да се размислува и за фактот дека важноста и проблематиката на овој процес треба да се издигне на повисоко ниво во целата држава и за сите кои од оваа услуга можат да имаат корист.

Веруваме дека ќе ја увидите важноста на овој предлог и подготвени сме за соработка како конструктивен партнер во целиот процес. Ви стоиме на располагање за сите консултации и поддршка во планирање на реализација на овој предлог за кој веруваме дека ќе даде долгорочни резултати.

Скопје, 14.09.2017

Билјана Велевска
Претседател на АСК

Асоцијација на советници за развој на кариера
АСК
СКОПЈЕ

АСК
АСОЦИЈАЦИЈА НА СОВЕТНИЦИ
ЗА РАЗВОЈ НА КАРИЕРА

Прилог 1

Дефиниција за кариерно советување

Согласно усвоените закони за вработување во Република Македонија, кариерното советувањето опфаќа:

- услуги за можностите, условите и начинот на обезбедување на поволности за вработување;
- услуги во обезбедување на потребите од вработување со пребарување во евиденцијата на невработените лица кои останале без работа поради стечај или економски, технолошки, структурални и слични промени кај работодавачот и невработени лица кои подолго време чекаат вработување со обука, преквалификација или доквалификација за вработување;
- услуги за условите и начинот на обезбедување на поволностите при вработувањето: организирање на средби и разговори со невработени лица (саеми на работна сила) и
- информирање и обезбедување услуги за вработување на работници со дефицитарни занимања, со упатување на невработено лице, со организирање на обука на дополнителни или посебни знаења на одделни невработени лица или со обука, преквалификација или доквалификација на невработени лица[1].

Асоцијација на советници за развој на кариера АСК СКОПЈЕ

[1]Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност Сл. Весник на Р.Македонија , бр. 37/97; 25/2000; 101/2000; 50/01; 25/03; 37/04; 50/06;29/07;102/08;161/08

АСК
АСОЦИЈАЦИЈА НА СОВЕТНИЦИ
ЗА РАЗВОЈ НА КАРИЕРА

Прилог 2

# И З Ј А В А

Со ова изјавуваме дека сме согласни за објавување на предлогот на интернет страницата на Одделението за соработака со невладини организации: http://www.nvosorabotka.gov.mk

Скопје, 14.09.2017

Билјана Велевска

Претседател на АСК